**ЗАПИСНИК**
**од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.11.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.11.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.11.2021 година.
3. Предлог за донесување на одлука за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, со предлог – одлука.
4. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за доделување финансиска помош – донација за настраданите македонски државјани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија.
5. Предлог за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Предлог - одлука за промена на сопственичката структура на РА Ват од Скопје.

7. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
8. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни за да се реализира заклучокот на Советот за доделување еднократна финансиска помош на семејствата на загинатите и повредените патници од сообраќајната несреќа што се случи минатата недела во Република Бугарија, неопходна е промена на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. Иако во повеќе ставки од Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година има заштеди односно средствата не се потрошени, но заради поврзаноста на овие ставки со јавни набавки кои што се спроведени или спроведувањето е во тек, најсоодветно решение беше да се зголеми Финансискиот план на Агенцијата и тоа на приходната страна за 2.850.000,00 денари и исто така со тоа да се зголеми и расходната страна за 2.850.000,00 денари. Наведе дека ова е износот што ќе го реализира заклучокот на Советот за донација, односно за секое починато лице да се доделат по 60.000,00 денари и 30.000,00 денари за секое повредено лице од сообраќајната несреќа, а кои се македонски државјани. Посочи дека објаснувањето е идентично и за следната Точка 4 која претставува реализација на ова предложено зголемување на Финансискиот план на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски забележа дека во предлогот од директорот до Советот има грешка во последната реченица, се кажува дека Советот на Агенцијата ќе донесе одлука со која се одобрува зголемувањето на Финансискиот план, но бидејќи Одлуката ја потпишува тој како претседател значи Советот на Агенцијата ја носи измената на Финансискиот план. Наведе дека станува збор за мала игра на зборови. Инаку во Точка 4 Советот ја одобрува одлуката, а во оваа точка Советот носи одлука за зголемување на Финансискиот план.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година, бр.05-4211/1 од 18.11.2021 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари.

Со зголемувањето се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 2.850.000,00 денари, наменети за:

- доделување на еднократна финансиска помош за македонските државјани кои загинаа, како и за оние кои се повредени во автобуската несреќа што се случи на 23.11.2021 година во Република Бугарија во износ од 2.850.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за доделување финансиска помош - донација за настраданите македонски државјани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија. Објасни дека износот е ист како од зголемувањето на Финансискиот план за 2.850.000,00 денари. Наведе дека Агенцијата во најбрз можен рок, во текот на денешниот ден ќе се обиде да се потпише Договорот за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Северна Македонија, и потоа документите да се испратат на одобрување до Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски објасни дека имаше дилеми во јавноста околу бројот на починати лица, но навреме се доби официјалната бројка од 45 починати лица и бидејќи од 7 повредени двајца се странски државјани а 5 наши државјани, така што сосема точно е напишано во предложената Одлука за донација.

Г-дин Ајдини изрази длабоко сочувство до семејствата на сите настрадани, нивни блиски роднини, а на повредените им посака побрзо закрепнување. Наведе дека во оваа тешка трагедија ова е уште еден хуман чекор од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, чекор со кој Агенцијата и Советот се солидаризираат и помагаат во вакви трагедии. Смета дека овој чин треба да се цени и рече дека целосно ќе даде поддршка за оваа одлука.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација за настраданите македонски државјани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија во вкупен износ од 2.850.000,00 денари кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, посебен Фонд за солидарност.

Донацијата ќе се расподели како еднократна финансиска помош на секое од 45-те починати лица, македонски државјани во сообраќајната несреќа поединечно, во висина од по 60.000,00 денари по починато лице, а за 5-те повредени лица, македонски државјани во сообраќајната несреќа ќе се расподели еднократна финансиска помош поединечно во висина од 30.000,00 денари по повредено лице.

Финансиските средства се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, остварени во 2021-та година, а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија - Фонд за солидарност на Црвениот крст на Република Северна Македонија, преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620, со назнака - помош за настраданите граѓани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија.

За горенаведената финансиска помош се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Северна Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека поради пандемијата со Ковид 19 во текот на цела 2020 и 2021 година немаше промена на платите на вработените во Агенцијата освен што имаше зголемување секоја година во месец јануари околу 1.5% до 2% во однос на тоа кога се менува вредноста на бодот. Потенцира дека АВМУ и во овој тежок период работи успешно, со завршување на сите обврски предвидени во Програмата за работа и притоа ги минимизира односно ги оптимизира средствата кои ги троши. Во предложените 7% влегува и промената што ќе се случи во јануари за промената на вредноста на бодот кој што секоја година се движеше од 1.5% до 2%, затоа зголемувањето е 5%. Во однос на тоа се предлага да нема нова промена во јануари и затоа е напишано да биде 7% промената на бруто платата. Средства во Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година има и притоа со ова зголемување сумата која што ќе биде потрошена ќе биде релативно пониска во однос на вкупните средства што се предвидени во Финансискиот план за 2021 година.

Г-дин Петрушевски рече дека основна причина која што е наведена и во предлогот за предложените 7% за зголемување на платите на вработените е зголемување на стапката на трошоци за живот во последните месеци. Посочи дека сите лично може да забележат дека кога купуваме во продавници многу основни продукти како масло за јадење, лебот и други производи цените се зголемени за околу 10% и повеќе. Зголемувањето на трошоците за живот ги гледаме најмногу кога купуваме продукти, но курсот на денарот сè уште е релативно стабилен во однос на еврото. Ова рече не знаеме дали е последица на тоа што и еврото можеби паѓа поради тоа што кризата е глобална или пак дали вештачки се одржува курсот на денарот а тоа ќе се види наредната година. Во секој случај она што лично го гледа во продавниците му е доволна причина да го поддржи предлогот.

Г-дин Фиданоски рече ако добро ги пресметал бројките што ги кажал во воведот директорот, ако се вклучи и тоа што е јануарско усогласување со трошоците на живот ова реално би било зголемување од 5% не повеќе. Се изјасни дека секако ќе даде поддршка бидејќи смета дека службата си ја врши работата професионално како што

треба и ова ќе биде еден мал стимул за и понатаму да биде професионална, одговорна и посветена во својата работа. И со ова зголемување од она што го знае е дека Агенцијата како регулатор има најниска просечна плата од сите регулатори во Македонија, иако како што рече нека биде и пристрасно, како регулатор најуспешно ја врши работата за нејзината област споредбено со регулаторите во другите области. Затоа со задоволство ќе даде поддршка за овој предлог исто како што секогаш ќе даде поддршка ако има потреба за зголемување на нејзините капацитети со вработување на нови лица таму каде што треба, на позиции кои се одредени а кои ќе придонесат за понатамошна уште поуспешна работа на Агенцијата.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со г-дин Фиданоски, дека зголемувањето на платите на вработените е заслужено и генерално Агенцијата дава добри резултати и си ја врши работата во рамки на својата дејност и во обаста која ја има дава резултати кои се соодветни и јасно ги прикажуваат сите текови од кое може да заклучат дека е заслужено, дека е потребно да се зголемат платите. Постави прашања до директорот, како прво зошто методолошки се одбира начинот на зголемување на самите бодови во одлуката, а не на вредноста на бодот, второ во самата одлука некаде се спомнува „бодови" некаде „бода" и веројатно технички треба да се провери и усогласи како е правилно и трета работа затоа што брзо стигнаа материјалите утрово не успеал да провери, веројатно постои законска можност за вакво зголемување, но побара да се потврди од страна на директорот и службата за да се знае дека законито постапуваат.

Г-дин Трајчевски рече дека прво ќе даде одговор на последното прашање за кое потврди дека секако можноста е законска и затоа и се предлага до Советот. Во врска зошто бројот на бодовите а не вредноста на бодот, објасни дека вредност на бодот се менува во јануари и Агенцијата како институција години station наназад ја следи вредноста на бодот што се утврдува во Закон и затоа оди со промена на бројот на бодовите. Согласно ЗААВМУ Агенцијата е целосно независна во утврдувањето на Правилникот за плати на вработените и надоместоците кои ги примаат членовите на Советот. Во однос на тоа што во текстот некаде се спомнува „бодови" некаде „бода" најверојатно станува збор за несоодветно изразување инаку се мисли на „бодови".

Г-дин Фиданоски објасни дека за броевите 1, 2 и 3 се употребува зборот „бода" а над тоа се „бодови". Така правописно се користат овие термини.

Г-дин Ајдини рече дека погледнал некои анализи во врска со висината на платите во нашата држава каде се констатира дека за истите работи висината на платите варира, кај некои институции се поголеми меѓу нив и во регулаторните тела. Кога би бил надвор од оваа институција можеби и тој би бил против, но бидејќи знае вработените колку работат и колку труд вложуваат, предлогот ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја обрзаложи Предлог - одлуката за промена на сопственичката структура на РА Ват од Скопје. Објасни дека пред извесно време почина еден од сопствениците на оваа радио станица и според оставинското решение неговиот удел во сопственоста на радиото го наследува синот. Известувањето е уредно и комплетно и ги содржи сите прилози кои се предвидени со Правилникот. Секторот изврши проверка и во Централен регистар на РСМ и синот не се јавува како основач на други правни лица што значи дека нема никакви пречки тој да се јави како основач на радиодифузер. Затоа предлогот е да се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7 и 8**

Г-дин Трајчевски објасни дека и Точка 7 и Точка 8 се однесуваат на ист радиодифузер само за прекршување на различни членови од Законот. Првото е прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Вториот прекршок е поради прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ. Прекршувањата и по двата члена ги прави радиодифузерот по втор пат и претходно му е изречена мерка јавна опомена. Посочи доколку имаат прашања детално може да одговори раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска. Во врска со второто прекршување за член 92 став 3 од ЗААВМУ објасни дека Советот треба да покрене прекршочна постапка, но заради технички пропуст во ЗААВМУ за ова прекршување во казнените одредби нема предвидено глоба. Така што Советот ќе донесе одлука но реално за ова прекршување нема да може да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд. Ова не е првпат туку повеќе пати наназад Советот носел одлуки за покренување прекршочни постапки по овој член но реално ова не може да оди во судска постапка.

*Гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор на Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-4283/1 од 24.11.2021 година и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд

бидејќи спротивно на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 4 ноември 2021 година, премиерата и репризите на анимираниот филм „Бајка – Принцот кој бараше бесмртност“ не беа означени со предупредувачка сигнализација за програмата што се прикажува.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор на Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-4278/1 од 24.11.2021 година и утврди прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ, односно поради тоа што на 4 ноември 2021 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот, да се покрене прекршочна постапка, која нема да се реализира поради тоа што во казнените одредби на ЗААВМУ за ова прекршување не е предвидена санкција.

Г-дин Петрушевски наведе дека ова прекршување нема да се реализира и се надева дека во некои следни измени на Законот Агенцијата по не знае кој пат ќе ургира ова да се коригира.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-4319/8**
**13.12.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**